Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 113, 15 ноември 2013 година

ноември 2013 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање доцент во наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област анестезиологија и реанимација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 13

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по житни растенија" од автор доц. д-р Мите Илиевски, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Житни растенија" од автор доц. д-р Мите Илиевски, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по предметот граѓанско општество" од доц. д-р Страшко Стојановски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 24

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на cad/cam во електротехника" (интерна скрипта) од д-р Влатко Чингоски, вонреден професор на Електротехнички факултет, при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 27

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебното помагало „Практикум за пополнување на единствен царински документ" од доц. д-р Драшко Атанасоски, асс. м-р Снежана Бардарова и асс. м-р Оливер Филипоски ..... 31

**РЕЦЕНЗИЈА** на скрипта под наслов „Фонетика и фонологија на современиот турски јазик" од доц. д-р Марија Леонтиќ ..... 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебното помагало „Практикум по фонетика и фонологија на современиот турски јазик" од доц. д-р Марија Леонтиќ, Филолошки факултет,Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ..... 35

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 37

**ПРИГОВОР** ..... 38

**ОДГОВОР НА ПРИГОВОР** ..... 40

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ЖИТНИ РАСТЕНИЈА” ОД АВТОР ДОЦ. Д-Р МИТЕ ИЛИЕВСКИ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1802 - 232/32 од 84. редовна седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, одржана на 14.5.2013 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- редовен професор д-р Љупчо Михајлов од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- вонреден професор д-р Милан Ѓорѓиевски од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис „**ЖИТНИ РАСТЕНИЈА**” од **автор доц. д-р Мите Илиевски,** наменет за студентите од прв циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Насловот на ракописот е „**ЖИТНИ РАСТЕНИЈА**”, а предметот е со наслов Житни растенија и се слуша во III семестар како факултетски изборен предмет, со фонд на часови 2+1+1. Материјалот кој е опфатен во ракописот е во согласност со Наставната програма по предметот Житни растенија и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е презентиран на 145 страници во $A_4$ формат со нормален проред, во 17 тематски поглавја, а содржи 1 табела и 38 слики. Обемот на ракописот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракопис со ист или сличен наслов досега не е објавен, така што постои реална потреба за објавување на поднесениот ракопис.

**Краток опис на содржината:** Во првото поглавје - *Вовед* е дефиниран предметот Житни растенија како дел од научната дисциплина *специјално поледелство,* која ги проучува теоретските основи и ја разработува производната технологија во растителното производство на култивираните житни растенија за добивање на високи, стабилни, рентабилни и квалитетни производи. Притоа, авторот нагласува дека издвојувањето на овој предмет, пред сè, е од педагошка гледна точка. Во оваа наставна дисциплина се вклучени сите житни растенија кои имаат исклучителна намена за исхрана на човекот и домашните животни.

Во второто поглавје - *Стопанско значење на житните растенија*, авторот се осврнал на значењето на житните растенијата во животот на човекот и на денешната цивилизација, објаснувајќи дека тие имаат многустрана примена, за исхраната на луѓето, домашните животни и во преработувачката индустрија. Притоа додал дека во исхраната на луѓето се користи плодот на житните растенија – зрното, за подготвување на леб и низа други прехранбени производи. Улогата на житните растенија во исхраната на домашните животни е исто така многу голема, бидејќи нивните плодови, во голема мера, се користат како многу важни компоненти за производство и подготвување на концентрирана сточна храна. Житните растенија се одгледуваат и за добивање на зелена вегетативна надземна маса, која се користи во исхраната на домашните животни во свежа состојба, како сено (исушена) и како силажа.

Во третото поглавје, Агротехничко значење на житните растенија, авторот го опишува големото агротехничко значење на житните растенија, особено поради фактот дека ја оставаат површината релативно чиста од плевели, незгазена и со одлични физички особини и затоа претставуваат одлични преткултури за голем број полјоделски растенија.

Во четвртото поглавје - *Поделба на житните растенија на подгрупи и разлики меѓу нив* е дадена поделбата на житните растенија во две подгрупи со претставниците во секоја од нив, како и разликите кои се јавуваат меѓу нив, независно дали се од морфолошко-биолошки аспект или по однос на потребите од условите за одгледување.

Во петтото поглавје - *Морфолошки и биолошки карактеристики на житните растенија*, авторот ги опишал заедничките карактеристики на житните растенија.

Во шестото поглавје - *Природни услови за производство на житните растенија* се опишани потребите на житните растенија по однос на топлина, светлина, вода и почва, така што во зависност од потребите кон надворешните услови авторот ја наведува поделеноста во две основни групи и тоа: житни растенија на умерена клима и житни растенија на тропска и суптропска клима. Оваа поделба е направена бидејќи растенијата од овие две групи имаат различни барања кон условите на надворешната средина.

Во следните поглавја, авторот монографски ги обработил претставниците од подгрупата на вистински житни растенија и тоа пченицата, `ржта, тритикалето, јачменот и овесот.

Во нив е даден детален осврт и појаснување за стопанското значење, потеклото, географската распространетост, приносните карактеристики, ботаничка припадност, сортимент, морфолошко-биолошки карактеристики, условите за одгледување, употреба на соодветна агротехника, жетва (прибирање), складирање и чување на производите добиени од нив.

Од десеттото до последното поглавје, авторот по истиот терк направил монографска обработка и на претставниците на подгрупата на просовидни житни растенија, односно на пченката, оризот, сиракот, просото, канарската трева и елдата.

Притоа, за секое од нив, дал детален осврт и појаснување за стопанското значење, потеклото, географска распространетост, приносни карактеристики, ботаничка припадност, сортимент, морфолошко-биолошки карактеристики, услови за одгледување, употреба на соодветна агротехника, жетва, складирање и чување на производите.

На крајот од ракописот, авторот наведува 19 наслови на литература кои се користени при пишувањето на ракописот.

## З А К Л У Ч О К

Од напред изнесеното, Комисијата констатираше дека ракописот со наслов „Житни растенија“, пријавен од авторот доц. д-р Мите Илиевски, е напишан според програмската содржина на предметот за кој е наменет, ги задоволува критериумите за објавување и ќе биде од голема корист на студентите за совладување на наставните содржини по истиот.

Врз основа на напред изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет да го прифати рецензираниот ракопис со наслов „Житни растенија“ од авторот доц. д-р Мите Илиевски и истиот да го одобри за користење како учебно помагало **рецензирана скрипта**, а воедно и да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, негово соодветно издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Љупчо Михајлов, редовен професор, с.р.**
**Д-р Милан Ѓорѓиевски, Вонреден професор, с.р.**